**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-220/11**

**Скопје, 22.09.2008 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за нострификација за основно и средно образование, за 2007 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за нострификација за основно и средно образование за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Сулејман Рушити Министер од 01.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.03 до 30.05.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 15.07.2008 година под архивски број 1104-220/4 примени се забелешки по точките 10.1.1 и 10.2.1 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е одлучено да не се прифатат бидејќи не се доставени докази ниту изнесени аргументи кои ги побиваат наодите на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**11.1. Неправилности во искажување на приходите/расходите**

11.1.1. Спротивно на Правилниците за начинот на водење на евиденција од извршената нострификација и еквиваленција на свидетелства стекнати во странство од основно/средно образование во Министерството за образование и наука не постои единствена матична книга на обрасците за водење на евиденцијата од извршената нострификација и еквиваленција на свидетелства стекнати во странство. Од тие причини ревизијата не беше во можност да го утврди вкупниот број на издадени решенија за нострификација во 2007 година поради што не сме убедени во објективноста и реалноста на остварените приходи во износ од 1.591 илјада денари кои се наплатуваат по овој основ.

**11.2. Ненаменско и незаконско користење на средства**

11.2.1. Ревизијата утврди дека направените расходи за исплата на надоместоци за работа на Комисијата за нострификација и еквиваленција на свидетелства и дипломи стекна ти во странство за основно и средно образование во износ од 548 илјади денари се неосновани во следните случаи

- Спротивно на Решението за утврдување на надоместок на членовите на комисијата за нострификација и еквиваленција на свидетелства и дипломи здобиени во странство извршените исплати во нето износ се во висина на утврдениот бруто износ според решението. Ваквиот начин на работење има за ефект зголемување на личните надоместоци на членовите на комисијата во вкупен износ од 76 илјади денари;
- Со посебно решение на Министерот формирана е работна група за изработка на деловник за работа на комисијата за нострификација на дипломи стекнати во странство за основно и средно образование за што е исплатен надоместок во износ од 179 илјади денари, што претставува составен дел на активностите на Комисијата за нострификација и

еквиваленција на свидетелства и дипломи здобиени во странство. Во прилог на наведеното е и фактот дека на петте членови на работната група (од кои четири се членови на Комисијата) неосновано и се исплатени по 30 илјади денари за подготовка на Деловникот за работа од 2,5 страни, кој што третира само формални аспекти за начинот на работа на Комисијата;

- Спротивно на Законите за основно и средно образование каде што е предвидено дека решение за нострификација и решение за признавање на еквиваленција на свидетелсво стекнато во странство донесува Комисијата што ја образува министерот составена од стручни лица, во решението за формирање на Комисијата и во деловникот за нејзина работа е утврдено дека надзор над работата на комисијата врши Раководителот на секторот за основно и средно образование, заради што неосновано се исплатени 204 илјади денари;
- Извршена е исплата на 89 илјади денари на Министерот за образование врз основа на договор на дело склучен помеѓу Министерството и министерот со кој што истиот се обврзува да врши работи на министер во Комисијата за нострификација на дипломи стекнати во странство за основно и средно образование спротивно на Законите за основно и средно образовани. Платеното учество на министерот за потпишување на нострификација има за ефект неосновано трошење на буџетски средства.

Ревизијата е должна да укаже на фактот дека се направени измени и дополнувања на составот на Комисијата со лице вработено на договор на дело кое што во Министерството е ангажирано како Помошник раководител на Секторот за основно и средно образование спротивно на Законите за основно и средно образование каде што е предвидено дека Комисијата за нострификација и еквиваленција на свидетелстава стекнати во странство е составена од истакнати стручњаци. Ваквата состојба создава услови за неодговорно и некомпетентно извршување на работните задачи кои му се доверени.

**Препораки**

1. Претседателот на Комисијата за нострификација и еквиваленција на свидетелства и дипломи стекнати во странство за основно и средно образование, да обезбеди обрасците за извршената нострификација и еквиваленција во текот на една календарска година да се подврзуваат во матична книга во која се впишува вкупниот број на обрасците во согласност со Правилниците за начинот на водење на евиденција од извршената нострификација и еквиваленција на свидетелства стекнати во странство од основно/средно образование.
2. Министерот за образование да го преиспита составот на Комисијата за нострификација и еквиваленција на свидетелства и да го ревидира бројот на членовите на Комисијата со оглед на фактот дека предвидените надоместоци за членовите на Комисијата по решен предмет не се покриваат со висината на надоместокот што го плаќа барателот на услугата.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.1.1, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за нострификација за основно и средно образование на ден 31 Декември 2007 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.2.1. кај Министерството за образование и наука - Сметка за нострификација за основно и средно образование, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Скопје, 19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1.591 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **1.591** | **0** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1.476 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.476** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **1.476** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **115** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 115 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **115** | **0** |
| **Вкупна актива** | **115** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 115 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **115** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **115** | **0** |